ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Согласно член 8 од Статутот на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за членство во Здружението, Здружението ги дефинира правата и обврските за пристап кон членство, усвојувајќи го следниот:

# ПРОТОКОЛ ЗА ЧЛЕНСТВО
**на**
**Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје**

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје е самостојна, доброволна организација, основана заради заштита, унапредување и промоција на основните човекови права на лицата кои се занимаваат со маргинализирани професии. Граѓаните се здружуваат во Здружението СТАР-СТАР Скопје заради остварување на заедничките цели и интереси, како и за остварување на поширок општествен интерес.

Членовите на Здружението веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија, се основни принципи за здраво, демократско и толерантно општество.

## 1.КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЧЛЕНСТВО И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член во Здружението може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија, без оглед на род, пол, сексуална ориентација, етничко потекло, верска припадност, социјален и работен статус кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање писмена изјава – пополнување на пристапница за членство.

Сите членови на Здружението ќе пристапат своеволно кон Здружението, прифаќајки ги во целост Статутот, одлуките, етичкиот кодекс на однесување и сите останати акти од основачкото Собрание на Здружението.

Здружението води два (2) типа на членство.

1. Членство на членови од редовите на заедницата која што Здружението ја застапува;
2. Членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението.

Зачленувањето во Здружението се врши со пополнување и поднесување на наведената пристапница за членство:

• Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата;
(Анекс 1 кон Протоколот за членство)

Здружението овозможува и регистрирање на поддржувачите на СТАР-СТАР Скопје кои не припаѓаат од редовите на заедницата која Здружението ја застапува, преку пополнување и поднесување на наведената пристапница.

• Пристапница за членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението;
(Анекс 2 кон Протоколот за членство)

## 2. ОПИС НА ЧЛЕНСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### 2.1 Членство на членови од редовите на заедницата;

Секој полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија, кој своеволно се идентификува како припадник на заедницата која што Здружението ја застапува, има право да стане член од редовите на заедницата која вклучува машки, женски и трансродови лица и кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со потпишување на Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата (Анекс 1 кон Протоколот за членство).

Редовните и активните членови од заедницата имаат право да избираат или да бидат бирани како членови на органите на Здружението и да учествуваат како делегати на Генералното Собрание. Овие членови имаат право на глас во одлучувачки процеси на Здружението и Генералното Собрание, може да бидат носители на извршни функции во Здружението и може да бидат активни во работата на Здружението.

Пополнувањето на Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата (Анекс 1 кон Протоколот за членство) треба да ги задоволува одредените критериуми утврдени од страна на Здружението кои се јавно и транспарентно објавени.

Членството на членови од редовите на заедницата во Здружението е бесплатно, односно Здружението не наплатува членарина за членство на своите членови. Членовите од редовите на заедницата во Здружението немаат право да бараат финансиски или било каков друг материјален надоместок за нивното членство во Здружението.

**2.2 Членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението;**

Секој полнолетен индивидуалец, поддржувач на мисијата и визијата на СТАР-СТАР Скопје, кој директно или индиректно придонесува во застапување на каузата на Здружението има право да стане поддржувач на Здружението со потпишување на Пристапница за членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението; (Анекс 2 кон Протоколот за членство).

Поддржувачите на Здружението немаат право на глас во одлучувачките процеси на Здружението и Генералното Собрание, не можат да бидат носители на извршни фукнции во Здружението но може да бидат вклучени во работата на Здружението.

Пополнувањето на Пристапница за членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението (Анекс 2 кон Протоколот за членство) треба да ги задоволува одредените критериуми од страна на СТАР-СТАР Скопје кои се јавно и транспарентно објавени.

Членството на поддржувачи во Здружението е бесплатно, односно Здружението не наплатува членарина за членство на своите поддржувачи. Членовите – поддржувачи во Здружението немаат право да бараат финансиски или било каков друг материјален надоместок за нивното членство во Здружението.

## 3. ДОЛЖНОСТИ И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Членовите и поддржувачите на Здружението подеднакво ги имаат следниве должности и обврски:

3.1 Да покажуваат меѓусебна солидарност;
3.2 Да се придружуваат на и да го почитуваат Статутот на Здружението;
3.3 Да ја поддржуваат мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението;

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**4.1 Критериуми за членство на членови од редовите на заедницата;**

4.1.1 Да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;

4.1.2 Да припаѓа на заедницата на сексуални работници која вклучува машки, женски и трансродови сексуални работници (сегашни и/или поранешни);

4.1.3 Да ги прифаќа и негува вредностите на Здружението кои се јавно објавени на официјалната веб страна на СТАР-СТАР Скопје (starsexwork.org);

4.1.4 Да учествува во остварување на целите и задачите на Здружението кои се јавно објавени на официјалната страна на СТАР-СТАР Скопје (starsexwork.org);

4.1.5 Активно и редовно да работи во спроведување на организациските и

програмските задачи и обврски на здружението;

4.1.6 Редовно или повремено да учествува во активностите кои произлегуваат од страна на Здружението;

4.1.7Да ги застапува интересите и ставовите на Здружението.

**4.2 Критериуми за членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението;**

4.2.1 Да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;

4.2.2 Да ја поддржува мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението кои се јавно објавени на официјалната веб страна на СТАР-СТАР (starsexwork.org);

4.2.3 Да ги прифаќа и негува вредностите на Здружението кои се јавно објавени на официјалната веб страна на СТАР-СТАР (starsexwork.org);

**5. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО**

Членовите на Здружението го задржуваат правото да го напуштат членството на СТАР-СТАР Скопје од било кои причини, со претходно доставена писмена изјава. Здружението ќе го евидентира напуштањето на членството најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на изјавата за напуштање на членство.

СТАР-СТАР Скопје го задржува правото да исклучи член од Здружението, кој не ги испочитувал критериумите, обврските и задачите наведени во Протоколот за членство, свесно или несвесно го нарушил угледот на организацијата или постапил спротивно на визијата, мисијата и целите на Здружението. Исклучувањето на членови од членството на Здружението ќе биде спроведено со одлука на Собранието и со навремено доставена писмена изјава до членовите на Собранието од страна на Претседателот на Собранието.

**6. РЕГИСТЕР НА ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Здружението води единствен регистер на членство и врши евиденција на членовите на органите со пополнување на податоците дадени од членовите на Здружението наведени во пристапниците (Анекс 3 кон Протоколот за членство).

Се води посебен регистер за членови од заедницата и посебен регистер за поддржувачи на Здружението, со пополнување на претходно соодветно креирани табели во однос на добиените податоци од пристапниците. Здружението ќе врши ажурирање на членството најмалку еднаш годишно. Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите и поддржувачите кои тоа го побарале. Податоците се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Одлука за приемот на редовни и активни членови на заедницата носи Управниот одбор на Здружението на писмен предлог на Претседателот и/или Извршниот директор.

**7.ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ЧЛЕНСТВО**

Протоколот за членство на Здружението стапува во сила од денот на донесување на одлука за Протокол за членство донесена од страна на Управниот одбор на Здружението.

Потпишано од Претседателот на ден 13.11.2020 година во Скопје, по претходна Одлука на Управниот Одбор на Здружението